**Известување за концентрација со која Асикурациони Ѓенерали Социета пер Ациони, Италија ќе стекне единствена контрола над Сегурадорас Унидас С.А., Португалија и над Калм Игл Португал, Социедаде Унипессоал, Лда., Португалија (предмет бр. 08-72 од 21.08.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 21.08.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Асикурациони Ѓенерали Социета пер Ациони со седиште на плоштадот Дука Дељи Абруци 2, Трст, Италија над Сегурадорас Унидас С.А., со седиште на Авенида да Либердаде 242, Лисабон, Португалија и над Калм Игл Португал, Социедаде Унипессоал, Лда со седиште на Руа Алфредо Џусадо Број 8 – 10, Лисабон, Сао Домингос де Бенфика, 1500 030 Лисабон, Португалија по пат на купопродажба на удели.

Генерали е владејачко друштво на Генерали Групацијата, групација на друштва кои се активни во обезбедувањето на животно и неживотно осигурување и финансиски услуги. Генерали Групацијата е присутна во повеќе од 60 земји ширум светот, со повеќе од 400 зависни друштва.

Во Република Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво КД ФОНДОВИ АД Скопје, со регистрирана адреса на бул. Партизански одреди 14а/1-2, Скопје, друштво кое е активно во секторот со управување со инвестициски фондови.

Сегурадорас Унидас С.А. е едно од најголемите португалски осигурителни друштва лоцирано во Лисабон, Португалија и е активно на португалскиот пазар на осигурување од 1871 година. Друштвото нуди широк спектар на производи за животно и неживотно осигурување. Единствен акционер на Сегурадорас Унидас е Калм Игл Холдингс С.а.р.л., приватно друштво со ограничена одговорност кое е организирано и постои според законите на Големото Војводство на Луксембург.

Калм Игл Португал, Социедаде Унипессоал, Лда. е холдинг-компанија и сопственик на Адвенс Кер – Ѕеста ѕе Сервикос ѕе Сауџи С.А. AdvanceCare е активно во бизнисот за управување со здравствено осигурување во Португалија.

Сопствениците на Сегурадорас Унидас С.А.и Калм Игл Португал во моментов е контролиран од страна на инвестициски фондови управувани од страна на зависни друштва на Аполо Менаџмент, ЛП (Apollo Management, L.P. ). И Сегурадорас Унидас и Калм Игл Португал се дел од истата групација и имаат силни деловни односи (вториот преку AdvanceCare и соодветните зависни друштва).

Ниту ниту Сегурадорас Унидас С.А. и Калм Игл Португал или било кој од нивните зависни друштва немаат регистрирано корпоративно присуство во Република Северна Македонија и немаат промет генерирани од македонските клиенти.

Подносителот на известувањето за концентрација наведува дека истата може да се однесува на следните пазари: пазарот на осигурување и проценка на ризик и управување со осигурување.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

23.08.2019 година
Скопје